# УПАТСТВО
# ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ОБРАСЦИТЕ НА ПЕРИОДИЧНИТЕ ФИНАСИСКИ ИЗВЕШТАИ НА ОПШТИНСКИТЕ БУЏЕТСКИ КОРИСНИЦИ И ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

ПРИЛОГ 1 е составен од пет посебни обрасци:

- ОБРАЗЕЦ М1
- ОБРЗАЕЦ М2
- ОБРАЗЕЦ К1
- ОБРАЗЕЦ К2
- ОБРАЗЕЦ К3

## ОБРАЗЕЦ М1

Колоните 1 и 2 се однесуваат на буџетските средства на општинскиот буџетски корисник добиени како дотации, во кумулативен износ до месецот за кој се подготвува извештајот

- **Колона 1** - се внесуваат податоците од планот на приходи и расходи од дотации за соодветната фискална година за која се подготвува извештајот
- **Колона 2** - се внесуваат податоците за реализација на приходи и расходи од дотации во кумулативен износ до месецот за кој се подготвува извештајот (пр. кумулативен извештај за месец април, содржи податоци од месеците јануари, февруари, март и април)

Колоните 3 и 4 се однесуваат на буџетските средства на општинскиот буџетски корисник од самофинансирачки активности на општинскиот буџетски корисник, во кумулативен износ до месецот за кој се подготвува извештајот

- **Колона 3** - се внесуваат податоци за планот на приходи и расходите од самофинансирачки активности на општинскиот буџетски корисник за соодветната фискална година за која се подготвува извештајот

- **Колона 4** - се внесуваат податоци за износот на реализација на приходите и расходите од самофинансирачки активности на општинскиот буџетски корисник во кумулативен износ до месецот за кој се подготвува извештајот (пр. кумулативен извештај за месец април, содржи податоци од месеците јануари, февруари, март и април)

Колоните 5 и 6 се однесуваат на буџетските средства на општинскиот буџетски корисник од донации на општинскиот буџетски корисник, во кумулативен износ до месецот за кој се подготвува извештајот

- **Колона 5** - се внесуваат податоци за планот на приходите и расходите од донации за соодветната фискална година за која се подготвува извештајот
- **Колона 6** - се внесуваат податоци за износот на реализација на приходите и расходите од донации во кумулативен износ до месецот за кој се подготвува извештајот (пр. кумулативен извештај за месец април, содржи податоци од месеците јануари, февруари, март и април)

Колоните 7 и 8 се однесуваат на буџетските средства на општинскиот буџетски корисник од кредити на општинскиот буџетски корисник, во кумулативен износ до месецот за кој се подготвува извештајот

- **Колона 7** - се внесуваат податоци за планот на приходите и расходите од кредити за соодветната фискална година за која се подготвува извештајот
- **Колона 8** – се внесуваат податоци за износот на реализација на приходите и расходите од кредити во кумулативен износ до месецот за кој се подготвува извештајот (пр. кумулативен извештај за месец април, содржи податоци од месеците јануари, февруари, март и април)

Колоните 9 и 10 се однесуваат на вкупните буџетските средства на општинскиот буџетски корисник од претходните 8 колони кои се однесуваат на општинскиот буџетски корисник, во кумулативен износ до месецот за кој се подготвува извештајот

- **Колона 9** - се внесуваат податоци за вкупниот план на приходи и расходи од колоните 1, 3, 5 и 7 за соодветната фискална година за која се подготвува извештајот

- **Колона 10** - се внесуваат податоци за вкупниот износот на реализација на приходите и расходите од колоните 2, 4, 6 и 8 во кумулативен износ до месецот за кој се подготвува извештајот (пр. кумулативен извештај за месец април, содржи податоци од месеците јануари, февруари, март и април).

По пополнување на соодветните податоци кои се бараат во образецот М1, истото се потпишува од овластено лице и се пополнува со податоци за контакт лицето и телефонски број за контакт.

## ОБРАЗЕЦ М2

Општинските буџетски корисници превземаат обврски во висина на одобрените годишни финансиски планови и периодичните финансиски планови.

Во Образецот М2 општинските буџетски корисници доставуваат преглед на достасани ненамирени обврски, со состојба на последниот ден од претходниот месец. Податоците за достасаните ненамирени обврски се доставуваат согласно сметководствената евиденција на општинските буџетски корисници.

Општинските буџетски корисници потребно е достасаните ненамирени обврски кон доверителите да ги евидентираат за секој месец поединечно и тоа посебно за обврски до 30 дена, обврски до 60 дена, обврски над 60 дена (од кои: утужени и неутужени), вкупен износ на утужени и неутужени обврски над 60 дена и вкупен износ на достасаните обврски кон доверителите.

Сите промени во текот на месецот (зголемувања или намалувања) на ненамирените обврски потребно е следствено да бидат прикажани во колоната за месецот за кој се однесуваа соодветната промена. Пример: доколку дел од достасаните обврски кон доверителите се исплатат во месец март, во извештајот во месец април ќе се прикажат помалку обврски за истиот износ за кој се намалени обврските во месец март, односно ќе се евидентира зголемување на обврските кон доверителите доколку не е извршена исплата на обврските од претходниот месец или се создале нови обврски во месец април.

Податоците за ненамирени обврски потребно е да се доставаат во кумулативен износ до месецот за кој се подготвува извештајот (пр.

кумулативен извештај за месец април, содржи податоци од месеците јануари, февруари, март и април)

Прегледот на достасани ненамирени обврски ги содржи следните податоци:

- име на општинскиот буџетски корисник;
- месец за кој се поднесува извештајот;
- состојба на обврските до 30 дена (освен за ставките 401 и 402);
- состојба на обврските до 60 дена (освен за ставките 401 и 402);
- состојба на обврските над 60 дена (утужени, неутужени и вкупно) (освен за ставките 401 и 402) и
- вкупно ненамирени обврски по расходни ставки.

За сите достасани ненамирени обврски над 60 дена општинскиот буџетскиот корисник доставува детално писмено образложение.

По пополнување на соодветните податоци кои се бараат во образецот М2, истото се потпишува од овластено лице и се пополнува со податоци за контакт лицето и телефонски број за контакт.

## ОБРАЗЕЦ К1

Колоните 1 и 2 се однесуваат на буџетските средства на единицата на локалната самоуправа (во натамошен текст: општината), за соодветен квартал, во кумулативен износ до месецот за кој се подготвува извештајот

- **Колона 1** - се внесуваат податоци од планот на приходи и расходи на буџетските средства на општината за соодветната фискална година за која се подготвува извештајот
- **Колона 2** - се внесуваат податоци за износот на реализација на приходи и расходи на буџетските средства на општината за соодветниот квартал, во кумулативен износ до месецот за кој се подготвува извештајот (пр. кумулативен извештај за период април-јуни, содржи податоци од месеците јануари, февруари, март, април, мај и јуни)

Колоните 3 и 4 се однесуваат на буџетските средства на општинскиот буџетски корисник добиени како дотации за соодветниот квартал, во кумулативен износ до месецот за кој се подготвува извештајот

- **Колона 3** - се внесуваат податоци од планот на приходи и расходи од дотации за соодветната фискална година за која се подготвува извештајот
- **Колона 4** - се внесуваат податоци за износот на реализација на приходи и расходи од дотации за соодветниот квартал, во кумулативен износ до месецот за кој се подготвува извештајот (пр. кумулативен извештај за период април-јуни, содржи податоци од месеците јануари, февруари, март, април, мај и јуни)

Колоните 5 и 6 се однесуваат на буџетските средства на општинскиот буџетски корисник од самофинансирачки активности на општинскиот буџетски корисник за соодветниот квартал, во кумулативен износ до месецот за кој се подготвува извештајот

- **Колона 5** - се внесуваат податоци од планот на приходите и расходите од самофинансирачки активности на општинскиот буџетски корисник, за соодветната фискална година за која се подготвува извештајот
- **Колона 6** - се внесуваат податоци за износот на реализација на приходите и расходите од самофинансирачки активности на општинскиот буџетски корисник за соодветниот квартал, во кумулативен износ до месецот за кој се подготвува извештајот (пр. кумулативен извештај за период април-јуни, содржи податоци од месеците јануари, февруари, март, април, мај и јуни)

Колоните 7 и 8 се однесуваат на буџетските средства на општината од донации за соодветниот квартал, во кумулативен износ до месецот за кој се подготвува извештајот

- **Колона 7** - се внесуваат податоци за планот на приходите и расходите од донации за соодветната фискална година за која се подготвува извештајот
- **Колона 8** - се внесуваат податоци за износот на реализација на приходите и расходите од донации за соодветниот квартал, во кумулативен износ до месецот за кој се подготвува извештајот (пр. кумулативен извештај за период април-јуни, содржи податоци од месеците јануари, февруари, март, април, мај и јуни)

Колоните 9 и 10 се однесуваат на буџетските средства на општината од кредити за соодветниот квартал, во кумулативен износ до месецот за кој се подготвува извештајот

- **Колона 9** - се внесуваат податоци за планот на приходите и расходите од кредити за соодветната фискална година за која се подготвува извештајот
- **Колона 10** - се внесуваат податоци за износот на реализација на приходите и расходите од кредити за соодветниот квартал, во кумулативен износ до месецот за кој се подготвува извештајот (пр. кумулативен извештај за период април-јуни, содржи податоци од месеците јануари, февруари, март, април, мај и јуни)

Колоните 11 и 12 се однесуваат на вкупните буџетските средства на општината во кварталот, во кумулативен износ до месецот за кој се подготвува, а колоната 13 е остатокот за реализација до крајот на годината

- **Колона 11** - се внесуваат податоци за вкупниот план на приходи и расходи од колоните 1, 3, 5, 7 и 9 за соодветната фискална година за која се подготвува извештајот
- **Колона 12** - се внесуваат податоци за вкупниот износот на реализација на приходите и расходите од колоните 2, 4, 6, 8 и 10 за соодветниот квартал, во кумулативен износ до месецот за кој се подготвува извештајот (пр. кумулативен извештај за период април-јуни, содржи податоци од месеците јануари, февруари, март, април, мај и јуни)
- **Колона 13** - се внесуваат податоци за вкупниот износ на остатокот за реализација на приходите и расходите до крајот на годината, добиен како разлика помеѓу износите во колоните 11 и 12.

За податоците наведени во Образецот К1, општината дава соодветно образложение.

По пополнување на соодветните податоци кои се бараат во образецот К1, истото се потпишува од овластено лице и се пополнува со податоци за контакт лицето и телефонски број за контакт.

ОБРАЗЕЦ К2

Општините превземаат обврски во висина на одобрените годишни финансиски планови и периодичните финансиски планови.

Во образецот М2 општините доставуваат преглед на достасани ненамирени обврски, со состојба на последниот ден од кварталот за кој се подготвува извештајот. Податоците за достасаните ненамирени обврски се доставуваат согласно сметководствената евиденција на општинските буџетски корисници.

Општините потребно е достасаните ненамирени обврски кон доверителите да ги евидентираат за секој месец поединечно за кварталот за кој се поднесува извештајот и тоа посебно за обврски до 30 дена, обврски до 60 дена, обврски над 60 дена (од кои: утужени и неутужени), вкупен износ на утужени и неутужени обврски над 60 дена и вкупнен износ на достасани обврски кон доверителите.

Сите промени во текот на месецот (зголемувања или намалувања) на ненамирените обврски потребно е следствено да бидат прикажани во колоната за месецот за кој се однесуваа соодветната промена. Пример: доколку дел од достасаните обврски кон доверителите се исплатат во месец мај, во извештајот во месец јуни ќе се прикажат помалку обврски за истиот износ за кој се намалени обврските во месец мај, односно ќе се евидентира зголемување на обврските кон доверителите доколку не е извршена исплата на обврските од претходниот месец или се создале нови обврски во месец јуни.

Општините потребно е достасаните ненамирени обврски кон доверителите да ги достават во кумулативен износ до месецот за кој се подготвува извештајот (пр. кумулативен извештај за периодот април-јуни, содржи податоци од месеците јануари, февруари, март, април, мај и јуни)

Прегледот на достасани ненамирени обврски ги содржи следните податоци:

- име на општината;
- квартал за кој се однесуваат податоците;
- состојба на обврските до 30 дена (освен за ставките 401 и 402);
- состојба на обврските до 60 дена (освен за ставките 401 и 402);
-состојба на обврските над 60 дена (утужени, неутужени и вкупно) (освен за ставките 401 и 402) и
- вкупно ненамирени обврски за сите расходни ставки.

За сите достасани ненамирени обврски над 60 дена општината доставува детално писмено образложение.

По пополнување на соодветните податоци кои се бараат во образецот К2, истото се потпишува од овластено лице и се пополнува со податоци за контакт лицето и телефонски број за контакт.

ОБРАЗЕЦ К3

Во образецот К3 општините доставуваат квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините, со состојба на последниот ден од кварталот за кој се подготвува извештајот.

**Колона 1** - се внесуваат податоци за ознака на кредитот, односно бројот под кој се води кредитот.

**Колона 2** – се внесуваат податоци за називот на проектот за кој е земен кредитот и намената на кредитот.

**Колона 3** – се внесуваат податоци за заемодавачот , односно име на кредиторот.

**Колона 4** - се внесуваат податоци за оргиналната валута во која е земен кредитот (пример дали кредитот е земен во евра, долари или некоја друга валута).

**Колона 5** - се внесуваат податоци за износот на кредитот .

**Колона 6** - се внесуваат податоци за висината на каматната стапка која ќе се плаќа за кредитот.

**Колона 7 -** се внесуваат податоци за рокот на отплата на кредитот, односно бројот на годините на враќање на кредитот.

**Колона 8** - се внесуваат податоци за висината на грејс периодот, односно периодот кога за земениот кредит се отплаќа само камата (пример доколку првите пет години од земениот кредит се отплаќа само камата, во тој случај грејс периодот е пет години).

**Колона 9** - се внесуваат податоци за износот на средствата кои се повлечени од кредитот ( пример доколку во договорот е предвидено средствата од кредитот да се користат во повеќе транши, тогаш во оваа колона е потребно да се внесат податоци за износот на дотогаш повлечените средства).

**Колона 10** - се внесуваат податоците за тоа дали за кредитот има издадено гаранција или не.

**Колона 11** - се внесуваат податоци за периодичноста на отплата на кредитот (пример дали враќање на средствата за земениот кредит се враќаат месечно, квартално, полугодишно или годишно).

**Колона 12** - се внесуваат податоци за датум на отплата на главнина, односно првиот датум кога почнува да се отплаќа главнината и последниот датум кога завршува отплатата на главнината.

**Колона 13** - се внесуваат податоци за датум на отплата на каматата, односно првиот датум кога почнува да се отплаќа каматата и последниот датум кога завршува отплатата на каматата.

**Колона 14** - се внесуваат податоци за достасаната обврска за кредитот по основ на главнина и камата во извештајниот период (пример доколку се известува за првиот квартал се внесуваат податоци за износот на средствата за кредитот кои достасуваат по основ на главнина и камата во тој квартал).

**Колона 15** - се внесуваат податоци за датумот на достасување на кредитот.

**Колона 16** - се внесуваат податоци за платената обврска за кредитот по основ на главнина и камата во извештајниот период (пример доколку се известува за првиот квартал се внесуваат податоци за износот на платените средства за кредитот по основ на главнина и камата во тој квартал).

**Колона 17** - се внесуваат податоци за датумот на плаќање на обврската за кредитот.

**Колона 18** - се внесуваат податоци за достасаната, а неплатената обврска за кредитот по основ на главнина и камата во извештајниот период (пример доколку се известува за првиот квартал се внесуваат податоци за средствата за кредитот кои достасале по основ на главнина и камата во тој квартал но не биле исплатени во тој квартал).

**Колона 19** - се внесуваат податоци за состојбата на долгот во извештајниот период, односно колку е состојба на долгот за кредитот на почетокот, а колку на крајот на извештајниот период ( пример доколку се известува за првиот квартал, потребно е да се внесат податоци за состојбата на долгот за кредитот за 1-ви јануари, почеток на кварталот и 31-ви март, крај на кварталот).

**Колона 20** - се внесуваат податоци за заемопримачот, односно називот на јавното претпријатие кое ги примило средствата од кредитот.

По пополнување на соодветните податоци кои се бараат во образецот К3, истото се потпишува од овластено лице и се пополнува со податоци за контакт лицето и телефонски број за контакт.